

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец јуни 2021

Датум: 08.07.2021
Сектор Инвестиции

## Содржина

1. Македонски Телеком АД Скопје ........................................ 3

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартии од вредност.**

Во текот на месец јуни 2021 година се одржа акционерско собрание на **Телеком АД Скопје**, компанија во која задолжителниот и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и согласно Правилникот нема обврска за присуство и известување.

# 1. Македонски Телеком АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава Пензиски фонд и ОДПФ Сава Пензија плус.

**I. Македонски Телеком АД Скопје**

| | |
|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,57%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,43%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 17.06.2021 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар;<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2020 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување |

| | |
|---|---|
| | објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";<br>2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";<br>3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;<br>4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2020 година;<br>5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2020 година;<br>6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2020 година и утврдување на дивиденден календар;<br>7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2020 година; и<br>8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2020 година.<br>9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година. |
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов<br>Игор Радовски |

**II. Македонски Телеком АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 17.06.2021 година со почеток во 11:00 часот во Дирекцијата, Атриум 2, на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, Скопје. Претставниците на Сава пензиски фонд АД Скопје, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар;

**Претставниците гласаа ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2020 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";

**Претставниците гласаа ЗА**

2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";

**Претставниците гласаа ЗА**

3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2020 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;

**Претставниците гласаа ЗА**

4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2020 година;

**Претставниците гласаа ЗА**

5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2020 година;

**Претставниците гласаа ЗА**

6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2020 година и утврдување на дивиденден календар;

**Претставниците гласаа ЗА**

7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2020 година; и

**Претставниците гласаа ЗА**

8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Секторот за интерна ревизија на Друштвото за 2020 година.

**Претставниците гласаа ЗА**

9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година.

**Претставниците гласаа ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонски Телеком АД Скопје

Откако се верификуваа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваат 95,99% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Претставниците на Сава пензиски фонд гласајќи “ЗА” го поддржаа донесувањето на одлуките од работниот дел на дневниот ред.

На собранието беа усвоени сите точки од дневниот ред, односно позитивно се гласаше за предлог- одлуките за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2020 година, за ревидираните финансиски извештаи за 2020 година, за Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2020 година, како и за распоредување на нето добивката за 2020 година. Присутните акционери позитивно се изјаснија и за предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, со која се одобрува исплата на бруто дивиденда во износ од 16,02 денари по акција.

По точката 7 од дневниот ред, предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2020 година, се гласаше за секој член поединечно т.е. беше одобрена работата на Зоран Китанов, Садула Дураку, Нина Ангеловска, Бардул Насуфи, Никола Љушев, Андреас Маиерхофер, Карој Швејнингер, Борче Силјаноски, Владимир Ивановски, Лубор Жатко, Петер Фаил, Мартин Ренер, Шкодране Дарлишта и Аќиф Медиу.

По усвојувањето на последната точка, предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2021 година со избор на ревизорската куќа PricewaterhouseCoopers Ревизија ДОО Скопје, дневниот ред беше исцрпен и Претседателот на Собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Македонски Телеком АД Скопје за затворено.